Врз основа на член 10,12,13 и 14 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РМ број 7/2005, 103/2008, 124/2010 и 135/2011), Градоначалникот на општина Радовиш донесува

# **П Р А В И Л Н И К**
# ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРОЦЕДУРА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВОТО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ПОДАТОЦИТЕ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

Член 1

Барањето на субјектот на лични податоци за правото на пристап и исправка на податоците се доставува до архивата на ЕЛС општина Радовиш на соодветен образец кој е Составен дел на овие процедури.

Член 2

Барањето од архивата се доставува до надлежната служба за подготвување на одговор согласно наводите од барањето.

Член 3

По барањето на субјектот на лични податоци, одговорното лице кај контролорот кој врши обработка на личните податоци е должен да одговори на субјектот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Подготвил: Оливера Долдурова
Раководител на сектор за норм.-правни,
Јавни дејности и општи работи

Градоначалник
на општина Радовиш
Д-р Роберт Велков